## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2690.**

Врз основа на член 35 став 5 од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/07, 20/09 и 17/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА ПОСТАПКАТА ЗА БАРАЊЕ НА СУПЕРАНАЛИЗА (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за барање на суперанализа.

Член 2

Ако една од странките не се согласува со добиените резултатите од испитувањата од овластената лабораторија, може во предвидениот рок од член 35 од Законот за ѓубрива да поднесе барање за суперанализа.

Член 3

Постапката за суперанализа се спроведува по поднесеното барање од правно или физичко лице регистрирани за производство, увоз и трговија со ѓубрива до Фитосанитарна управа.

Кон барањето од став 1 од овој член се доставува следната документација:

- извештај од направените анализи на увозникот и производителот добиени од Фитосанитарната управа односно овластена лабораторија;
- записник од извршената контрола од Државниот земјоделски инспекторат и
- примерок што бил обележен од инспекторот на Државниот инспекторат за земјоделство при земање на примерокот.

Примерокот доставен од подносителот на барањето со писмен акт се доставува до овластена лабораторија за суперанализа во кои треба да бидат назначени сите параметри за испитување од страна на лабораторијата.

Овластената лабораторија врз основа на извршените анализи на примероците подготвува и доставува извештај до Фитосанитарната управа.

Член 4

Доколку со повторно барање за суперанализа се спроведе суперанализа, а резултатот од истата се исти како од претходната анализа, трошоците за повторна суперанализа се на товар на барателот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 17-319/5 | Министер за земјоделство, |
| јули 2011 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р. |

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Европскиот парламент и Совет бр.2003 /2003 од 13 октомври 2003 година која се однесува на вештачките ѓубрива со CELEX бр. 32003R2003.

**2691.**

Врз основа на член 6 став 2, член 8 став 11 и 12, член 15 став 2, член 16 став 3, член 17 став 3, член 18 став 5, член 27 став 3 и член 29 став 2 од Законот за семенски и саден материјал на земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА ТРГОВИЈА СО МАТЕРИЈАЛ ЗА ВЕГЕТАТИВНО РАЗМНОЖУВАЊЕ НА ВИНОВАТА ЛОЗА (*)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишуваат:

- Видовите и количините на материјал за размножување и саден материјал на производителите на мали количини наменети за лична употреба;
- Вид и категории на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза кои се ставаат во трговија;
- Услови, начин и постапка за производство на официјално сертифициран материјал за размножување од винова лоза, како и начинот на водење на евиденција на производството;
- Начинот на пакувањето и етикетирањето, формата и содржината на етикетата на материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза;
- Трговија со материјал за размножување и саден материјал од винова лоза;
- Начинот и постапката за вршење на стручна контрола над производството на материјалот за размножување и садниот материјал и
- Услови за увоз на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, како и исклучоци при увоз.

Член 2
**Значење на поимите**

Поимите употребени во овој правилник ќе го имаат следното значење:

1. Винови лози се растенија од родот Vitis (L.), наменети за производство на грозје или за употреба како материјал за разможување и саден материјал на виновата лоза;
2. Сорта е група на растенија во рамките на најниска ботаничка класификација, која се:
- определува со изразени карактеристики кои произлегуваат од одреден генотип или од комбинација од генотипови;
- разликува од било која друга група на растенија, барем по една од изразените карактеристики и
- третира како целина доколку тие карактеристики во размножувањето се постојани;

* Со овој правилник се врши усогласување со Директива 68/193/ЕЕЗ на Советот на Европската Унија од 9 април 1968 година за трговија со материјал за вегетативно размножување на винова лоза, CELEX број 31968L0193 .

3. Клон е вегетативно потомство од сорта што е идентично на избраната лоза во поглед на матичната сорта, во однос на фенотипските карактеристики и здраствената состојба;

4. Материјал за размножување е:

а). Садници – лозови садници се млади растенија на винова лоза, кои можат да бидат:

- ожилени резници - добиени од некалемени зелени или зрели ластари наменети за садење како подлоги или за калемење на стално место;

- ожилени калеми - добиени со спојување-калемење на зелени или зрели делови од ластари на винова лоза, од кој подземниот дел пуштил корен;

б) делови од млади растенија на винова лоза се:

- зрели ластари се едногодишни ластари;

- зелени ластари се нездрвенети во тековната година;

- резници од подлоги за калемење се делови од зрел или зелен ластар наменети за формирање на подземен дел (корен) кога се припремаат (произведуваат) ожилени калеми;

- резници за ожилување се делови од зелен или зрел ластар наменети за производство на ожилени резници;

- калем гранки се делови од зрел или зелен ластар наменети да го формираат надземниот дел кога се при припремаат (калемат) ожилени калеми или кога се калемат на стално место (in situ);

- резници за ожилување се делови од зелен или зрел ластар наменети за производство на ожилени резници;

5. Место на производство е самостојна организација или производна единица вклучувајќи полиња, објекти, механизација и опрема каде се одвива производство, преработка, пакување или тргување со материјал за разможување и саден материјал на виновата лоза. Местото за производство може да биде составено од повеќе производни единици;

6. Производна единица е лозов расадник, вкоренилиште, матични насади, стакленик или други објекти или полиња од каде се обезбедува материјал за разможување и саден материјал од виновата лоза или истиот се произведува;

7. Лозов расадник е организирана целина од производни единици наменети за производство на материјал за размножување - садници или делови од млади растенија;

8. Матичник, матични насади, матични лозја, лозови насади од матични растенија за производство на материјал за размножување се делови од млади растенија;

9. Вкоренилиште, место за вкоренување, ожилување на резниците за подлогите или резниците за ожилени лозови калеми, место каде се формираат садниците во текот на една вегетација;

10. Снабдувач на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза (во понатаможен текст снабдувач) е секое домашно или странско правно или физичко лице кое врши една или поваќе од следниве дејности:производство, пакување, етикетирање, трговија, увоз или извоз на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза;

11. Простории за преработка, пакување или тргување се магацини, ладилници, силоси, простории за пакување и други простории наменети за таа цел;

12. Овластена лабораторија е лабораторија за спроведување на дијагностички испитувања и други тестови на материјал за размножување и саден материјал од виновата лоза во согласност со регулативите за семе и материјал за размножување на земјоделски растенија, или лабораторија овластена за спроведување на дијагностички испитувања за штетни организми во согласност со Законот за здравјето на растенијата; (*[1])

13. Надлежен орган е Управата за семе и саден материјал (во понатамошниот текст: Управата) во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

14. Официјален орган за сертифицирање е правно лице на кое му е доделено јавно овластување за стручна контрола на поле и во лабораторија на материјал за размножување и садниот материјал од винова лоза;

15. Партија е број и количество на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, сорта и категорија, која се препознава по потеклото, е со ист квалитет и е хомогена по состав;

16. Категории на материјал за разможување се предосновен материјал за разможување, основен материјал за разможување, сертифициран, материјал и стандарден материјал;

17. Официјално испитување е испитување спроведено од страна на:

- Официјален орган за сертифицирање , во процедура на официјална сертификација на предосновен, основен и сертифициран материјал за размножување;

- фитосанитарен инспектор во случај на стандарден материјал за размножување и саден материјал од виновата лоза;

18. Официјални мерки мерки преземени од страна на:

- Официјален орган за сертифицирање, врши процедура за официјално сертифицирање на предосновен, основен, сертифициран материјал за размножување и саден материјал од виновата лоза;

- овластена фитосанитарна лабораторија која врши испитување на здравствената исправност на материјалот за размножување и саден материјал од виновата лоза.

## II.ВИД И КАТЕГОРИИ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ВИНОВА ЛОЗА

Член 3

**Вид и категории на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза**

Како материјал за размножување и саден материјал од винова лоза кое е наменето за производство на грозје може да се употребува само растение од видот Vitis vinifera.

1.Материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, може да се тргува со следните категории:

а) предосновен материјал за размножување е материјал за размножување:

- кој бил произеден во одговорност на одгледувачот согласно прифатените практики за оддржување на сортата и, каде што е применливо, на клонот и за заштита од болести,
- кој е наменет за производство на основен или сертифициран материјал за размножување,
- кој ги исполнува условите за категоријата предосновен материјал за размножување согласно овој правилник и
- каде со официјална проверка била откриено дека ги задоволува горенаведените услови.

б) основен материјал за размножување е материјал за размножување:
- кој бил произеден од иницијален материјал со одговорност на одгледувачот согласно прифатените практики за оддржување на сортата (и каде што е применливо, на клонот) и за заштита од болести,
- кој е наменет за производство на основен или сертифициран материјал за разможување,
- кој ги исполнува условите за категоријата основен материјал за размножување согласно овој правилник,
- каде со официјална проверка било потврдено дека ги задоволува горенаведените услови;

в) сертифициран материјал за размножување е материјал за размножување:
- кој е добиен директно од основен материјал за размножување или почетен материјал за размножување,
- кој е наменет за производство на садници-млади растенија или делови на растенија за употреба во производство на репроматеријал, или за производство на грозје што ги исполнува условите за сертифициран материјал за размножување согласно овој правилник и
- каде со официјална проверка било потврдено дека ги задоволува горенаведените услови;

г) стандарден материјал за размножување CAC (Conformitas Agraria Communitatis):е материјал за размножување
- кој има идентитет и чистота на сортата,
- кој е наменет за производство на садници-млади растенија или делови на растенија за употреба во производство на репроматеријал или за производство на грозје,
- кои ги исполнува условите согласно овој правилник за стандарден материјал за разможување и
- каде со официјална проверка била откриено дека ги задоволува условите поставени во оваа точка.

## III. ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ ОД ВИНОВА ЛОЗА

Член 4

**Производители на саден материјал за лична употреба**

За производителите на саден материјал за лична употреба кои произведуваат до вкупно 100 броја лозови садници, упис во Регистерот на снабдувачи не е задолжителен согласно член 6 став 1 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

Член 5

**Услови, начин и постапка за производство на официјално сертифициран материјал за размножување од винова лоза**

(1) Условите, начинот и постапките за производство на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза се дадени во Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

(2) Снабдувачот треба производството на материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза да го пријави до Управата и официјалниот орган за сертифицирање, со пријава за стручна контрола на производството на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 3 кој е составен дел од овој правилник.

(3) Снабдувачот го произведува материјалот за размножување под контрола и организација на официјалниот орган за сертифицирање. Снабдувачот треба да соработува со официјалниот орган за сертифицирање врз основа на меѓусебен писмен договор.

(4) Снабдувачот треба да ги следи и евидентира следните критични точки во процесот на производство, кои директно влијаат врз квалитетот на материјалот за размножување и садниот материјал:
- план и начин на производство;
- квалитет на употребен материјал за размножување во производството;
- начин на сеење на семето, односно садење и пресадување на материјалот за размножување;
- технологија на одгледување на матичните растенија и растилата во расадникот;
- начини и постапки за размножување на материјалот;
- хемиски средства со кои се третира материјалот за размножување и садниот материјал;
- хигиена;
- вид на амбалажа;
- начин на пакување и етикетирање и
- складирање, чување и транспорт.

(5) Материјалот за размножување и садниот материјал од винова лоза треба да биде означен и одвоен од останатото меркантилно производство со заштитен појас од најмалку 3 метри. За време на производството материјалот за размножување треба постојано да биде одржуван без страна вегетација.

Член 6

**Начин на водење на евиденција на производството**

(1) Снабдувачот треба да води евиденција за официјално сертифицирани матични растенија од сите категории, со следните податоци: снабдувач (адреса, регистарски број и датум на упис во регистарот); локација; скица на локацијата со вцртани матични растенија; категорија; здравствен статус; вид на матични растенија; потекло на употребениот материјал за матични растенија; година и растојание на садење; податоци за официјално сертифицираните матични растенија по сорти, клонови, категорија, пакети, снопови во еден пакет, садници во еден сноп, вкупен број на садници.

(2) Евиденцијата за матичните растенија треба да биде заверена и потпишана од снабдувачот и од одговорно лице на официјалниот орган за сертифицирање.

(3) Снабдувачот треба да води евиденција за произведените матични растенија на бела хартија во А4 формат секоја година, со податоци на образец даден во Прилог 9, кој е составен дел на овој правилник.

(4) Снабдувачот треба да води евиденција за произведениот материјал за размножување и саден материјал на бела хартија во А4 формат секоја година, со податоци на образец дадени во Прилог 10 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Снабдувачот со добивање на конечниот сертификат за трговија со материјал за размножување и саден материјал од винова лоза кој е произведен во Република Македонија може да го стави во трговија, на регистрираните продажни места за винова лоза.

Член 7

**Здравствена исправност**

(1) Материјалот за размножување и садниот материјал од винова лоза за да биде ставен во трговија, треба да ја исполнува и здравствената исправност согласно прописите од областа за здравје на растенијата.

(2) Проверка и контролата на здравствената исправност се врши од страна на овластена лабораторија за здравствена исправност на растенијата.

Член 8

**Поблиски услови во однос на квалитетот**

(1) Материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза за да биде ставен во трговија, треба да ги исполнува условите за квалитет, кои се дадени во Прилог 2, кој е составен дел од овој правилник.

(2) Земените мостри и извршените тестови за проверка на квалитетот на материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза треба да се вршат постојано за време на вегетацијата заради пратење на здравствената состојба на растенијата кои се пласираат на пазарот.

(3) Тестовите за проверка на квалитетот се вршат на:

- матични растенија кои се наменети за производство на материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза произведен во Република Македонија,
- материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза произведен во Република Македонија,
- материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза произведен во други земји,
- материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза за органско производство.

## IV.УСЛОВИ ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ТРГОВИЈА СО МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 9

**Начин на пакување**

(1) Снабдувачот, материјалот за размножување и садниот материјал може да го пласираат на пазар пакуван во еден или повеќе пакети или снопови, ожилени калеми од винова лоза со исти карактеристики, наведени во Прилог 7, точка а) и точка б) кој е составен дел на овој правилник. Пакувањата или сноповите можат да бидат споени заедно, на тој начин што спојувањето да биде направено така што ако при оштетувањето на спојувањето да не може повторно да се спои на ист начин.

(2) Материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза при ставање во трговија треба да е хомоген, во запечатени пакувања.

(3) При пакување на материјалот за размножување и садниот материјал треба да се употребува амбалажа од материјали кои најсоодветно можат да го заштитат материјалот од оштетување при транспорт, манипулација и складирање.

Член 10

**Форма и содржина на етикетата**

(1) Материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза за да биде ставен во трговија треба да биде етикетиран. Етикетата треба да е направена од претходно не употребуван материјал и отпорна на влага. Содржината на етикетата треба да биде испечатена со неизбришлива, фотостабилна боја и напишана на македонски јазик. Димензијата на етикетата треба да изнесува 100 mm x 70mm.

(2) Во зависност од категоријата на материјалот за размножување и садниот материјал етикетата треба да биде со:

-Бела боја со дијагонална виолетова линија за предосновен материјал за размножување и саден материјал;

-Бела боја за основен материјал за размножување и саден материјал;

-Сина боја за сертифициран материјал за размножување и саден материјал;

-Портокалова боја за стандарден (САС) материјал за размножување и саден материјал;

(3) Етикетата треба да ги содржи податоците наведени во Прилог 8 точка А) и точка Б) кој е составен дел на овој правилник.

(4) Етикетата треба да е прицврстена на надворешната страна од пакетот или снопот со материјал за размножување или садениот материјал од винова лоза со помош на печат.

(5) Покрај етикетата наведена во став 1 од овој член, материјалот за размножување и садниот материјал од винова лоза треба да содржи придружни фитосанитарни документи, кои ја гарантираат здравствената состојба на растенијата согласно Правилникот за пасоши за растенија (*[2]).

Член 11

**Начин на водење на евиденција на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза кој се става во трговија**

Материјалот за размножување и садниот материјал од вонова лоза можат да се стават во трговија само ако е зачуван неговиот идентитет до испорачување на крајниот потрошувач, на строго определени продажни места и ако:

1) Снабдувачот води евиденција за набавен материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 11 кој е составен дел од овој правилник;

2) Снабдувачот води евиденција за продаден материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 12 кој е составен дел од овој правилник;

3) Снабдувачот води евиденција за непродаден материјал за размножување размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 13 кој е составен дел од овој правилник.

V. СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ВИНОВА ЛОЗА

Член 12

**Начин и постапка за вршење на стручна контрола на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза и надлежности на официјалниот орган за сертифицирање**

(1) Стручна контрола над производството на материјал за размножување и саден материјал, се врши врз основа на пријава поднесена од снабдувачот, најдоцна до 15 февруари во тековната година. Содржина на пријавата за стручна контрола е дадена во Прилог 3 на овој правилник;

(2) Овластениот орган за сертифицирање врши најмалку две стручни контроли на производството во текот на вегетацијата. Контролата се врши на матични растенија, материјалот за размножување и садениот материјал од винова лоза произведен во тековната година;

(3) При стручните контроли се утврдува бројот на матичните растенија кои се во производство, состојбата со нивната вегетативна развиеност и се врши проценка на количината на материјал за размножување кој може да се добие од нив;

(4) При стручните контроли се утврдува сортната чистота и вегетативната развиеност на садниот материјал, при што истовремено и се утврдува дали истиот ги исполнува условите наведени во Прилог 1 на овој правилник;

(5) Стручните контроли се вршат со присуство на одговорното стручно лице за производство на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза;

(6) За секоја стручна контрола на производството на материјалот за размножување и садниот материјал, овластениот орган за сертификација составува записник, во два примерока, за извршена стручна контрола на производството на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 4 кој е составен дел од овој правилник;

(7) Овластениот орган за сертифицирање врши контрола на категоријата и квалитетот на сортата, сортната и клонската чистота, како и здравствената исправност на материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза;

(8) Овластениот орган за сертифицирање го контролира производството на материјал за размножување од подигање на матични насади, одгледување на матичните насади, берба на делови од винова лоза, калемење, стратификување, производство на саден материјал во вкоренилиште, вадење на садниците, пакување и етикетирање на материјал за размножување;

(9) На крајот од производството овластениот орган за сертифицирање издава сертификат за извршена стручна контрола на производството на материјалот за размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 5 кој е составен дел од овој правилник;

(10) Снабдувачот ги доставува записникот и сертификатот за извршена стручна контрола за производството на материјалот за размножување и садниот материјал од винова лоза , како и соодветниот документ со кој се потврдува здравствената состојба на материјалот за размножување до Управата, за издавање на Сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, на образец со формат А4 во бела боја, даден во Прилог 6 кој е составен дел од овој правилник;

(11) Овластениот орган за сертифицирање за вршење на стручна контрола на насади на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза, до Управата доставува годишен извештај за извршените стручни контроли согласно член 17, став 2 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

VI.УВОЗ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ВИНОВА ЛОЗА

Член 13

**Услови за увоз на материјал за размножување и саден материјал од винова лоза**

Покрај исполнување на условите од членовите 26 и 27 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, снабдувачот треба да достави извештај за увезените количества на материјал за размножување и саден материјал од вид и категорија наведени во член 3 од овој правилник до Управата, најдоцна 30 дена од денот на увозот.

Член 14

**Увоз на саден материјал од винова лоза во оргинално пакување за лична употреба**

Саден материјал во оргинално пакување за лична употреба може да се увезува согласно член 29 од Закон за семенски и саден материјал од земјоделски растенија и тоа најмногу во количество до 30 броја.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

**Преодни одредби**

Матичните растенија од категорија САС, одбрани и признати согласно Правилникот за постапката за одбирање и признавање на матични растенија и насади за производство на земјоделски саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 13/76), се смета дека ги исполнуваат условите за матични растенија согласно овој правилник, до 30 септември 2012 година.

Член 16
**Престанок на важноста на прописите**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да се применуваат Правилникот за нормите на квалитетот, пакувањето, пломбирањето и декларирањето на садниот материјал на земјоделски растенија („Службен весник на СРМ“ бр. 45/75), Правилникот за утврдување на сортната чистота на земјоделскиот саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 13/76) и Правилникот за постапката за одбирање и признавање на матични растенија и насади за производство на земјоделски саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 13/76).

Член 17

**Влегување во сила на правилникот**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 18-265/3
1 август 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.

([1])Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10 и 17/11) усогласен со Директивата 2000/29/ЕЗ на Советот на Европската Унија од 8 мај за воведување на заштитни мерки против штетните организми на растенијата или растителните производи и нивно ширење во Заедницата, CELEX број 32000L0029.

([2]) Правилник за пасоши за растенија(„Службен весник на Република Македонија” бр. 131/10) ) усогласен со Директивата 2000/29/ЕЗ на Советот на Европската Унија од 8 мај за воведување на заштитни мерки против штетните организми на растенијата или растителните производи и нивно ширење во Заедницата, CELEX број 32000L0029 и Директивата 92/105/ ЕЗ од 3 декември 1992 година за воведување на степен на стандардизација за пасош за растенија, кој се користи за движење на одредени растенија, растителни производи или други објекти во Заедницата и воведување на детални процедури поврзани со издавањето на вакви пасоши за растенија и условите и деталните процедури за нивна замена, CELEX број 31992L0105.

**Прилог 1**

## УСЛОВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ ЗА ВИНОВАТА ЛОЗА

1. Растенијата во лозовите насади (во понатамошниот текст лозата) да поседуваат идентитет и чистота на сортата и клонот.
2. Условите на одгледување во лозовите насади да овозможат да бидат спроведени пропишаните проверки за идентитет и чистота на сортата и клонот.
3. Почвата или припремениот супстрат каде ќе се постават насадите на подлоги и насадите за калем гранки за производство на материјал за размножување на стандардни основни или сертифицирани винови лози, да бидат без штетни организми или нивни пренесувачи, особено немотоди кои пренесуваат вируси, ќе овозможуваат избегнување на ризици.
4. Присуството на штетни организми кои ја намалуваат употребната вредност на материјалот за размножување треба да биде на најниско можно ниво.
5. Што се однесува до штетните организми наведени во точките (а), (б) и (в), ќе се применуваат условите наведени во точките од 5.1 до 5.5, како и точка 5.6:

(а) комплекс на инфективна дегенерација: вирус на инфективна дегенерација на листот на виновата лоза (grapevine fanleaf virus) (GFLV), вирус на мозаик на гушарка на листот на виновата лоза Arabis mosaic virus (ArMV);

